# Living the Lotus

*Buddhism in Everyday Life*

9
2024
VOL. 228




## Members in the US, and from Japan, Join the 2024 Nisei Week Grand Parade in Los Angeles, August 11



Photos: Richard Kano

**Living the Lotus**
**Vol. 228 (Септември 2024)**

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада,
Сугинами-Ку, Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: living.the.lotus.rk-international
@kosei-kai.or.jp
Сениор Едитор: Кеиицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопѕ Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното
Ришо Косеи Каи

Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.

*President's Message*

# Култивирајте го вашето срце, откопајте ја вашата буда природа

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи



## Дијалогот на Шакјамуни со Браманот

Во 1998, годината кога Ришо Косеи-каи ја обележа својата шеесет годишнина, јас го напишав следното во списанието Јакушин (Косеи Издавачка куќа);

Кога јас бев момче, јас помагав да се ораат полињата. Постои разлика помеѓу почва која била обработена и почва која не била. Необработена почва е тешка и нема да прифати ништо, но добро-обработена почва е мека и прима доста вода и ѓубриво. Слично на тоа, добро-култивиран ум е флексибилен, слободен од приврзаности, и може да абсорбира било што искрено, баш како што е.

Вака јас ја објаснив важноста да секој еден од нас ‘култивира наши Будистички срца,’ и ова е, како што јас имам веќе речено многу пати претходно, базирано на анегдотите на Шакјамуни и стиховите од Сута Нипата.

Тука, дозволете да повторно ве запознам со содржината на тоа.

Браман, голем земјопоседник, имал завршено со припрема на неговите полиња за орање и почнал да дистрибуира храна за земјоделските стопанственици, кога тој го видел Шакјамуни како доаѓа да проси. Браманот го прашал него, со строг глас, ‘Зошто ти не култивираш полиња, сееш семиња, и тогаш да жнееш храна од твоите напори?’ Шакјамуни смирено му одговорил нему, ‘Јас исто така култивирам полиња и садам семиња.’ Но браманот бил сеуште скептичен, и така Шакјамуни му прозборел во стих:

Семињата кои јас ги садам се вербата, и само-дисциплината е дождот.
Мудроста е моето рало, и понизноста е рамката на ралото.
Умот е впрегнувањето, и размислувањето е плугот и вилата.
Вежбај воздржаност во телото и говорот, биди умерен во твојата исхрана, и не се прејадувај.
Поддржувањето на вистината е косење на полето со трева.
Флексибилноста е отстранување на јаремот од волот.

Трудољубивоста е волот кој го носи товарот кој ве носи кон состојба на спокој. Напредувајќи без повлекување, вие ќе достигнете место без страв и вознемиреност.

Култивирањето, направено на ваков начин, носи принос на награда на бесмртност.
Овој вид на култивирање ве ослободува од секој вид на страдање.

## Ова е Будизам во неговата целосност

Шакјамуни вешто применил вешти методи да ги подучува луѓето, во термини лесно разбиирливи за нив, кои биле пред почеток на култивирање на нивните полиња, дека садењето и негувањето на семињата на верба во нивните умови, и достигнувањето на наградата, е исто така важно како култивирање на земјата. Будистичкиот научник Фумио Масутани (1902-87) ги фалел тие стихови како прекрасен Дарма дијалог, велејќи дека тука, Шакјамуни ни покажува 'целосна слика и суштина на Будизмот на детален, конкретен начин.' Ако семињата на верба паѓаат во почвата на нашите умови, ние ќе достигнеме состојба на спокој, без страв и вознемиреност, и исто 'ќе бидеме ослободени од секој вид на страдање.' Понатаму, желбите на сите луѓе кои бараат таков мир на умот, исто како и методот на достигнување на тоа, се компресирани во тие кратки линии на стих, и ние можеме да замислиме дека многуте луѓе кои го примаат ова учење, мора да ја имаат стекнато надежта да живеат и силата да одат напред.

Ако сакате да прашате, сепак, дали обидувајќи се еднаш да го култивирате вашиот ум, би ве ослободило од страдања, јас би рекол дека не мислам дека тоа е така. Јас верувам дека е важно повторувачки да го култивирате вашиот ум и Ђ повторно и повторно Ђ да ја откопате вашата сопствена буда природа, која води директно до мир на умот. И во тој стил, во следното издание, ние ќе размислуваме во поголема длабочина, што значи да се осознае нашата буда природа.

(Од *Косеи*, Септември 2024)



# Вовед кон Ришо Косеи-каи преку стрипови

## Годишни настани на Ришо Косеи-каи

### Трите големи годишни настани во Будизмот

Следните се трите големи годишни настани во Будизмот, и Ришо Косеи-каи одржува церемонии за нив во Големата Света Хала и секој Дарма центар:

Април 8: Годишнина на Раѓањето на Шакјамуни

Декември 8: Годишнина на достигнувањето на Будаство на Шакјамуни

Февруари 15: Годишнина на влегувањето во Нирвана на Шакјамуни Буда

Овие се деновите на кои ние му благодариме на Шакјамуни Буда, кој ги изнел за нас учењата на Вистината. Ние исто се заветуваме да ги практикуваме учењата на тие денови и да правиме нешто добро што ќе влијае на многу луѓе.

Годишнината на достигнувањето на будаство на Шакјамуни (Декември 8)





Годишнината на влегувањето во Нирвана на Шакјамуни Буда (Февруари 15)



Годишнината на Раѓањето на Шакјамуни (Април 8)

**Дали знаевте?**

На настанот на Годишнината на Раѓањето на Шакјамуни, ние сипаме сладок чај (хербален чај направен од ферментирани листови од хидрангеа) преку статуата на бебето Буда во мала пагода декорирана со цвеќиња. Овој обичај потекнува од традицијата дека во моментот на раѓањето на Шакјамуни, змеј се симнал од небото и сипал миризлива вода на бебето Шакјамуни.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба.

# Посета за обожавањето  на Новогодишниот ден










Јануари 1 е денот кога ние се радуваме, посакуваме добродојде на новата година, и се молиме за среќа и мир во годината што следи.

Во Ришо Косеи-каи, церемонијата се одржува рано наутро на Новогодишниот Ден. Членовите ја посетуваат Големата Света Хала или нивниот Дарма центар за да ја слават новата година.

Во прилог на славењето на почетокот на новата година, ние се заветуваме да работиме кон целта која ние ја зацртуваме за себеси пред *Гохонзонот*, или ‘објектот на обожување’. Овој залог се нарекува *кетсујо*, буквално значејќи ‘духовна резолуција’ во Будистички термини.

Кога ние одлучуваме да работиме напорно кон нашата цел и се молиме за мир во светот, ние се чувствуваме освежени и спокојни.

**Дали знаевте?**

Кетсујо исто значи да се верува во нешто целосно, без сомнеж или двоумење. Членовите на Ришо Косеи-каи често го употребуваат овој термин. Ајде да продолжиме, преку целата година, да го правиме тоа што се заветивме за време на посетата на обожавањето на Новогодишниот ден.

# Нашата длабока поврзаност со Будата

## Откако ќе станете свесни за вашата поврзаност со Будата

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



Кога еднаш вие длабоко ќе ја цените оваа драгоцена поврзаност со Будата која јас ја опишав, вашиот начин на живот природно ќе се промени.

Јас пораснав во планинско село во снежната Ниигита Покраина, и кога јас бев дете, јас ќе се вратев дома покриен со снег. Мојот дедо би ме прегрнал напикувајќ и ме во неговата обложена кимоно јакна, топлејќи го моето ладно како мраз тело. Во таквите времиња, тој секогаш знаеше да ми каже, како тоа да беше чудо од говор:

‘Ако членовите на фамилијата само работат за живот и храна, тие не се различни од куп на долгорог бубачки. Таквите бубачки јадат само за да опстанат. Затоа што сме родени како човечки битија, најмалку еден член на фамилијата мора да стане некој кој му служи на општеството.’

Можеби затоа што ова мото беше длабоко вкоренето во мојот млад ум, јас неможев да седам мирен секогаш кога ќе видев некој во мака и секогаш мислев, ‘Јас сакам да направам нешто за да помогнам.’ Барајќи духовни учења кои би можеле да донесат среќа на секого, јас ја сретнав Лотос Сутрата и завршив основајќи го Ришо Косеи-каи.

Луѓето во денешно време се смета дека се само-усмерени, мислејќи само на нивниот сопствен интерес. Ова е веројатно затоа што тие ја немаат никога ш доживеано радоста на работење во корист на другите. Радоста на помагање на некого во мака или нудејќи совет на некој кој е вознемирен и примајќи ја нивната благодарност е вистински исполнувачко искуство. Заради ова, ние можеме да кажеме дека изведувајќи дела кои носат среќа на другите е најбрзиот начин да се достигне лична среќа.

И уште едно нешто повеќе да се има на ум е дека како нас, сите луѓе кои ги сретнуваме исто имаат кармичка поврзаност со Будата од минатите животи.

Речено е дека во нашите социјални животи, почитувајќи го човештвото на другите е важно за градење на добри односи, сепак тоа може да биде изненадувачки тешко. Но ако вие гледате кон другите мислејќи ‘Оваа личност има оддадено почит кон многу буди во минатите животи и направил големи завети,’ вие природно ќе бидете способни да ги почитувате нив.

Се разбира, помеѓу луѓето кои вие ги сретнувате можат да бидат такви кои ги имаат заборавено големите завети кои тие ги направиле во нивните минати животи и се далеку од Буда патот. Сепак, за таквите поединци, ние треба да работиме за да ги потсетиме нив за нивната кармичка поврзаност со Будата. Заради тоа јас ги терам нашите членови да практикуваат ‘Секоја личност води друга.’

Ако човечките релации карактеризирани со разбирањето дека ‘Јас сум буда и тоа си и ти’ би се ширеле низ светот, тие би станале, дури како што е, кралство на мир кој Будизмот го нарекува ‘Земја на вечно спокојно светло’.

Јас искрено се надевам дека сите од вас ќе го земете ова при срце, ќе се стремите да ги применувате учењата во пракса, и ќе ја продлабочувате вашата поврзаност со Будата.






# A Global Buddhist Movement




**Information about local Dharma centers**

**facebook**

**X**

Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот : living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp